# По планините во Македонија останаа уште триесетина риса

## Еколошко друштво фотографирало редок подвид македонски рис

**Сања Наумовска**



Ова се први фотографии на македонскиот рис по подолго време, со што се потврдува дека тој сè уште постои во своите долгогодишни живеалишта во планините на границата со Албанија

Македонското еколошко друштво (МЕД) презентираше фотографии од редок подвид македонски рис lynx lynx martinoi, направени во рамките на Програмата за закрепнување на балканскиот рис. Во Македонија живеат уште триесетина риса, карактеристични за овој дел од Балканскиот Полуостров. Најчесто ги населуваат планинските предели што се протегаат по должина на границата со Албанија, а особено националниот парк „Маврово".

Ова се први фотографии на македонскиот рис по подолго време, со што се потврдува дека тој сè уште постои во неговите долгогодишни живеалишта.

Фотографиите се направени со мониторинг-методата на фотозамки, информираат во МЕД. Тие фотозамки се составени од еден аналоген фотоапарат сместен во заштитна кутија, кој е поврзан со топлински сензор што ја регистрира телесната топлина на животните и го активира апаратот. На фотографиите се гледаат неколку единки од македонскиот рис, кој последните години е предмет на беспоштедно истребување. Рисовите се најмногу на удар на криволовците, велат во еколошкото друштво. Поради тоа, во рамките на програмата се предвидува и анкетирање и едуцирање на локалното население за заштита на овој редок вид диво животно.

„Популацијата на рисот што се среќава во југозападниот дел на Балканскиот Полуостров, главно во Македонија и во Албанија, е идентификувана како најзагрозена популација на рисот во цела Европа. Главни закани кон рисот во Македонија се криволовството, уништувањето и фрагментацијата на резерватите на рисот, малиот репродуктивен потенцијал и намалувањето на популациите на пленот на рисот", вели Диме Меловски од МЕД. Иако рисот е трајно заштитен со закон во Македонија и кривично се одговара за негов лов, за време на истражувањето во пограничните села, пронајдени се неколку штавени кожи и едно препарирано младенче на рисот, додава Меловски.

Во иднина, програмата, која треба да заврши во 2009 година, ќе се фокусира кон изготвување стратегија за закрепнување на популацијата на рисот и усвојување национален акционен план за рисот. Секако, една од најважните задачи на МЕД, вели Меловски, ќе биде и подигнувањето на јавната свест кај секој граѓанин за значењето на овие животни и за состојбата во која се наоѓа нивниот опстанок.